Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

# БИЛТЕН

ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

| Август 2023 | Издание бр. 02

## ВО ОВОЈ БРОЈ...

1 Дали е можно интегрирање на системите за бесплатна правна помош во граѓански и кривични постапки?

2 На едно место - обединување на системите за управување со правната помош

Препорака од Анализата во однос на НКТ

3 Неопходно е продолжување на активностите за запознавање на граѓаните со правото на бесплатна правна помош

Националното координативно тело активно учествуваше во изработка на анализа на законот за бесплатна правна помош

4 Правните клиники се „кец на десетка“ во системот на бесплатна правна помош

# ДАЛИ Е МОЖНО ИНТЕГРИРАЊЕ НА СИСТЕМИТЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ГРАЃАНСКИ И КРИВИЧНИ ПОСТАПКИ?

### Наоди и препораки од студијата за изводливост (физибилити студија) за воспоставување на единствено тело за управување со системот за бесплатна правна помош во Северна Македонија

Правната помош за сиромашните во Северна Македонија е уредена на различен начин, во зависност од видот на прашањето за кое се дава правна помош. Во граѓанските и управните прашања таа се дава согласно Закон за бесплатна правна помош додека проверката на исполнувањето на условите и назначувањето на адвокати ги врши Министерството за правда. За лицата обвинети во кривични постапки, пристапот до правна помош е уреден со Законот за кривичната постапка, а проверката на исполнувањето на условите и назначувањето на адвокатите го вршат судовите. Кога се работи за деца пак клучен е Законот за правда за децата додека постапката зависи органот пред кој се води постапката.

Практиката покажа дека постојат сериозни предизвици во пристапот до правна помош. Малиот број лица кои ја користат, рестриктивните услови, нетранспарентниот начин за назначување адвокати, квалитетот на правната помош како, проблемите при исплатата на наградата на адвокатите, со одредени разлики, се заеднички за сите видови правна помош. Во вакви околности, а имајќи ги во предвид компаративните практики, се наметнува прашањето дали е остварливо, потребно и пожелно интегрирањето на системите за бесплатна правна помош во надлежност на едно единствено тело.

Со цел да одговори на ова прашање, во 2022 година тим од експерти на Советот на Европа работеше на студија за изводливост за воспоставување на единствено тело кое ќе управува со бесплатната правна помош во РСМ. Во фокус на студијата беше да се утврди дали е изводливо од правен, оперативен и финансиски аспект управувањето со сите постоечки системи за правна помош во кривичната, граѓанската и управната постапка да се

Продолжува на стр. 2

## БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА ПОМОШ ВО 2022 НИЗ БРОЈКИ

| | |
|---|---|
| Лица кои добиле примарна правна помош од подрачно одделение | 3330 |
| Лица кои добиле примарна правна помош од овластено здружение | 2448 |
| Лица кои добиле примарна правна помош од правна клиника | 194 |
| Поднесени барања за секундарна правна помош | 291 |
| Одобрени барања за секундарна правна помош | 231 |
| Одбиени барања за секундарна правна помош | 40 |
| Прекин на постапка | 15 |

## ЗА БИЛТЕНОТ

Овој Билтен е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Продолжува од стр. 1

довери на еден посебен субјект (орган или тело). Понатаму, каква структура, функции и надлежности би имал овој субјект како и кои се чекорите што треба да се спроведат за се спроведе оваа реформа.

Тимот од експерти користеше сложен сет на методи за собирање на податоци, вклучувајќи првични интервјуа со девет експерти од областа на правната помош, детални интервјуа со чинителите (високи претставници на судовите, Адвокатската комора на РСМ, јавните обвинители), анкети преку прашалници за адвокати како и фокус групи со 7 адвокати и 6 судии.

Тимот заклучи, врз основа на мноштвото аргументи на релевантните чинители во корист на интегрирањето. Доминантното мислење е дека системот за правна помош треба да биде ефикасен, ефективен и да одговара на потребите на оние на кои им е потребна, и дека еден од начините ова да се оствари е преку доверување на надлежноста на едно тело/орган за управување со системот за правна помош.

Најдобрата опција би била единственото тело кое би управувало со целата бесплатна правна помош во државата да биде самостоен и независен државен орган, модел веќе признат со закон во Република Северна Македонија, а управуван и надгледуван од независен управен одбор. Управниот одбор би бил составен од 8 до 15 члена, претставници на Министерството за правда, Адвокатската комора, здруженијата, правните клиники, правосудството итн.

Студијата покажа исто така дека интегрирањето на системите за бесплатна правна е мошне сложена реформа кон која треба да се пристапи особено внимателно, во еден транспарентен и инклузивен процес во кој ќе бидат вклучени сите субјекти вклучени во системот на правна помош. Неопходна е политичка волја како и стручна поддршка во сите фази од реформирањето. Авторите предлагаат државата да ги земе во предвид наодите од студијата при стратешкото планирање на активностите во областа на правосудството.

Студијата е јавно достапна на следниов **линк**.

## НА ЕДНО МЕСТО - ОБЕДИНУВАЊЕ НА СИСТЕМИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРАВНАТА ПОМОШ

Колку би било подобро доколку бесплатната правна помош во Северна Македонија се довери на управување на едно тело кое би обезбедувало независна, интегрирана и единствена услуга којашто покрива правна помош во сите кривични, граѓански и управни постапки? Ова е предлогот којшто се разгледува со ентузијазам од страна на сите засегнатите страни, откако Физибилити студијата, финансирана од Советот на Европа, претстави силни аргументи во прилог на оваа коренита и креативна реформа. Предложената новина подразбира сеопфатна реформа на системите за управување со правната помош. Таа се заснова на најдобрите европски и светски практики во однос на единственото управување со правна помош, прилагодени на македонскиот контекст.

Авторите на студијата заклучија дека едно тело ќе биде најефикасен и најделотворен начин за обезбедување на бесплатната правна помош на лицата кои имаат потреба од неа. Клучен елемент на реформата е доверување на управувањето на бесплатната правна помош на независно тело кое ќе биде водено од силен Управен одбор составен од 12 члена. За да се обезбеди демократска, стручна и партиципативна форма на управување, членовите на овој управниот одбор ќе доаѓаат од клучните засегнати страни: министерството за правда, Адвокатската комора на РСМ, овластени здруженија, правни клиники како и другите правосудни институции. Поаѓајќи од потребата корисниците да бидат во срцето на системот, унифицираното тело ќе ја засили нивната важност во неговите основни начела за работа. Соединувањето на правната помош за кривични, граѓански и управни случаи ќе испорача непречено и ефикасно искуство за корисниците на услуги во модерен и сервисно-ориентиран систем.

Јас лично сум навистина возбуден од овој концепт - не само што ќе ги интегрира тековно различните гранки на правна помош, туку ќе даде обновена можност за реформи и иновации, ставајќи ја Северна Македонија на ниво со најдобрите практики во ЕУ и ширум светот и да се усогласи со упатствата на ООН. Унифицираниот предлог за тело привлече поддршка и ентузијазам од големо мнозинство од оние кои беа консултирани во студијата, и по нејзиното објавување постои значително одобрување од сите сектори.

Сепак ова е само прв чекор кон долгорочна реформа. Ги поканувам сите засегнати страни да ги споделат своите ставови и мислења во однос на ова прашање. Неопходно е да се земат во предвид искуството, експертизата и ставовите на сите учесници во работата на НКТ во сите следни фази од процесот на подобрување на ефикасноста и квалитетот на бесплатната правна помош.

*Џон Имс, Меѓународен консултант на Советот на Европа*

## ПРЕПОРАКА ОД АНАЛИЗАТА ВО ОДНОС НА НКТ

**ЗБПП треба да обезбеди законска основа за Националното координативно тело и регулирање на неговите надлежности и состав**

НКТ е постоечки неформален форум за споделување информации, комуникација и координација меѓу сите релевантни чинители за теми поврзани со спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош и зголемување на пристапот до правда на национално ниво. За да се осигура дека форумот ќе стане одржлив како и да се даде тежина на усвоените препораки неопходно е да се обезбеди правна основа за негово функционирање. Во најмала рака, неговиот состав и мандат/надлежности треба да бидат утврдени со закон но тесно базиран на постојниот модел, додека правилата за процедура треба да бидат усвоени од НКТ.

# НЕОПХОДНО Е ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ СО ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Еден од клучните предуслови за ефективен национален систем за правна помош кој обезбедува пристап до правдата за луѓето кои живеат во сиромаштија е да се осигури дека тие се свесни за постоењето на таква можност, како и да бидат информирани за тоа каде и како можат да аплицираат за правни помош. Наодите од спроведеното истражувања за правните потреби на граѓаните покажаа дека речиси 2/3 од граѓаните не се запознати со постоењето на правната помош споредено со 34.3 % од граѓаните се запознати со ова право и начинот на негово остварување.

Овие наоди укажуваат на тоа дека е неопходно да се засилат напорите за промоција на услугите што можат да се обезбедат во рамките на националниот систем за правна помош. Меѓутоа, за да се зголеми ефективноста на промоцијата, неопходно е да се разгледаат податоците расчленети според различни социодемографски групи. Постои значајна разлика помеѓу испитаниците од машки и женски пол. 40,29% од машките испитаници изјавиле дека имаат барем првични информации за ЗБПП во споредба со 28,7% од женските. Оваа дискрепанца бара вклучување на родовата перспектива во секоја кампања за подигање на свеста за правната помош.

Помеѓу различните возрасни категории, видлива е кривата во формата на U, при што најмладите и најстарите категории известуваат за повисоки нивоа на недостаток на знаење за правната помош во споредба со средовечните групи. Образованието и приходите се поврзани со свеста за Законот за бесплатна правна помош. Колку е повисоко образованието и приходите, толку е помала веројатноста поединецот да не е запознаен со Законот за бесплатна правна помош. Луѓето од среден и повисок општествен статус имаат поголеми можности за пристап до информации, вклучително и за ЗБПП иако тие не се примарна целна група на ЗБПП. Оваа големо несовпаѓање треба да се третира со иновативни активности за подигање на свеста насочени конкретно кон поединците и заедниците со ниски приходи. Забележлив е јазот меѓу урбаното и руралното население во однос на нивната свест за Законот за бесплатна правна помош.

Кај луѓето кои доживеале правни проблеми постои поголема веројатност во поголема мера да бидат свесни за ЗБПП, иако ако ги сумираме позитивните одговори (поголемо и ограничено разбирање) резултатите меѓу двете групи се многу слични. Ова укажува на тоа дека дури и луѓето кои имале правни проблеми не се свесни за системот на правна помош и неговите можности.

НАОДИТЕ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊА ЗА ПРАВНИТЕ ПОТРЕБИ НА ГРАЃАНИТЕ ПОКАЖАА ДЕКА РЕЧИСИ 2/3 ОД ГРАЃАНИТЕ НЕ СЕ ЗАПОЗНАТИ СО ПОСТОЕЊЕТО НА ПРАВНАТА ПОМОШ СПОРЕДЕНО СО 34.3 % ОД ГРАЃАНИТЕ СЕ ЗАПОЗНАТИ СО ОВА ПРАВО И НАЧИНОТ НА НЕГОВО ОСТВАРУВАЊЕ.

# НАЦИОНАЛНОТО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО АКТИВНО УЧЕСТВУВАШЕ ВО ИЗРАБОТКА НА АНАЛИЗА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

### Препораки за подобрување на законската рамка и политиките за бесплатна правна помош во граѓански и управни работи во Северна Македонија

На десеттиот состанок на Националното координативно тело за бесплатна правна помош кој се одржа на 7 октомври 2022 година беше презентирана и дискутирана нацрт-анализа на спроведувањето на Законот за бесплатна правна помош и потребата од негова измена. Во фокус на анализата беше идентификување на законските одредби во Законот за бесплатна правна помош коишто предизвикуваа проблеми при примената и давање на конкретни предлози и препораки за нацрт-измени на Законот. Нацрт анализата беше изработена од страна на тим на експерти на Советот на Европа.

На состанокот членовите на НКТ имаа можност да дадат коментар на нацрт-текстот на анализата, да се произнесат во однос на наодите и препораките, како и да предложат дополнување на текстот. Дополнително, беше оставен простор членовите да дадат писмени коментари во определен временски период. Врз основа на пристигнатите предлози и препораки конечниот текст на анализата беше промовиран на завршната конференција одржана на 25 ноември 2022 година.



Анализата содржи детални и сеопфатни препораки во однос на примарната и секундарната правна помош како и во однос на севкупниот систем на управување со бесплатната правна помош. Таа треба да послужи како основа за идна измена на Законот која треба да се спроведе во инклузивен и транспарентен процес, како што беше изработена впрочем и самата анализа.

Анализата е јавно достапна и објавена на следниот **линк**.

# ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ СЕ “КЕЦ НА ДЕСЕТКА” ВО СИСТЕМОТ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

На почетокот на академската 2017/2018 година при процесот на креирање на плановите и политиките за тековното работење на Правниот факултет – УКЛО, како приоритетна беше идентификувана потребата за обезбедување на квалитетно практично образование на студентите – идни правници. За таа цел, како посебна организациска единица беше формирано Одделението за клиничко-правно образование – ПРАВНА КЛИНИКА.






Со самото функционирање на Правната клиника на Правниот факултет се започна со низа активности со кои на студентите им се овозможи да излезат надвор од стандардната рутина на теоретското образование и да се стекнат со практични вештини кои ќе им помогнат во иднина да бидат подобри професионалци.

Клиничкото образование претставува интерактивен метод на едукација на студентите по право, кој има за цел да ги обучи со оние практични вештини кои ќе им овозможат во иднина својата професија да ја обавуваат компетентно, совеснои со висок професионален морал. Наједноставно кажано тоа е метод на “искуствено учење” – learning by doing.

Тоа има две главни цели:

**ПРВАТА ЦЕЛ** е студентите да се оплеменат со практични вештини и професионална одговорност, давајќи им можност да го применуваат правото на живи луѓе во реални животни ситуации, па на таков начин да постанат свесни за сопствената одговорност пред клиентите, судот и својата професија.

**ВТОРАТА ЦЕЛ** е да се обезбеди бесплатна правна помош за оние групи на граѓани кои се наоѓаат во некаков социјален ризик. На таков начин кај студентите ќе се формираат високи морални стандарди преку прифаќањето на идејата дека и луѓе без моќ и пари заслужуваат ист правен третман во општеството.

Со решение бр. 11-1792/2020 од 23 јули 2020 година, Правната клиника при УКЛО и официјално е заведена во Регистарот на Министерството за правда како овластен давател на примарна правна помош. Регистрирањето, како овластени даватели на бесплатна правна помош, придонесе да се интензивира соработката со граѓанскиот сектор чиј фокус се ранливите категории граѓани, па оттука се зголеми и бројот на лица на кои на редовна основа им се понудија услугите кои законски се подведуваат под терминот примарна правна помош.

До овој момент Правната клиника успешно учествувала во реализација на повеќе проекти, се со крајна цел подобрување на пристапот до правда за СИТЕ. На подрачјето на Општина Баир, и во руралните средини во околината на Општина Битола до овој момент сме опслужиле стотици задоволни граѓани, кои впрочем се и нашата најдобра реклама.

Од тековната академска година благодарение на Правниот факултет-УКЛО, кој ни отстапи своја просторија, и Ротари Клубот - Битола Пелистер, кој со своја донација пристојно ја уреди истата, студентите и клиентите на Правната клиника имаат свој пригоден и лесно достапен простор за работа. Сепак, не се врзуваме за канцеларија и за решавање на нечиј проблем работиме и теренски по прицип „ако не можете вие кај нас, ќе дојдеме ние кај вас“.

Пристапот до правдата е камен-темелник на праведно и правично општество. Затоа треба да инвестираме во правна помош, правно зајакнување и градење капацитети за пред се за најмаргинализираните и најранливите членови на општеството. Треба да обезбедиме секој, без разлика на нивниот економски статус или идентитет, да има пристап до правни информации, совети и застапувања, но најмногу, ние мора да работиме на создавање кадри и средина каде што луѓето се чувствуваат удобно да бараат правда без страв или дополнителна маргинализација. Ние, како Правни клиники, сме „кецот на десетката“ во оваа мисија, бидејќи сме регрутите кои ќе ја создадат армијата на правници спремни да практицираат правична правда.

## ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот “За консолидиран и поефикасен систем за бесплатна правна помош (БПП) во Северна Македонија” е дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција III“, заеднички проект на Европската унија / Совет на Европа којшто го спроведува Советот на Европа, чијашто цел е да им се помогне на земјите-корисннички од Југоисточна Европа да ги достигнат европските стандарди и Акито на Европската унија, во рамките на процесот на проширување.

Овој Билтен е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Неговата содржина е единствена одговорност на авторите. Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа